# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

**Сл.Весник на Р.Македонија бр.96 од 31.12.2004 година**

### Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2004), во членот 45 став (1) зборовите: "од 1 јануари 2005 година" се заменуваат со зборовите: "со отпочнување на примената на овој закон".
Во ставот (2) алинеи 1 и 2 зборовите: "до 15 септември 2004 година" се заменуваат со зборовите: "најдоцна два месеца пред отпочнувањето на примената на овој закон".

### Член 2

Во членот 48 став (1) и во членот 49 став (1) зборовите: "1 јануари 2005 година" се заменуваат со зборовите: "денот на отпочнувањето на примената на овој закон".

### Член 3

Членот 52 се менува и гласи:
"Одредбата од членот 45 став (2) алинеја 3 на овој закон ќе се применува со денот на влегувањето во сила на овој закон."

### Член 4

Во членот 55 зборовите: "1 јануари 2005 година" се заменуваат со зборовите: "1 јули 2005 година".

### Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".